

# АНАЛИЗА ЗА ОБЕЗБЕДЕНА ПРАВНА И ПАРАПРАВНА ПОМОШ НА ТЕКСТИЛНИТЕ РАБОТНИЧКИ

## ВО ПЕРИОДОТ 2017 – 2019 ГОДИНА

во рамки на проектот

“Правно зајакнување на текстилните работнички за самозастапување”

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

# Анализа за обезбедена правна и параправна помош на текстилните работнички во периодот 2017 – 2019 година

во рамки на проектот
“Правно зајакнување на текстилните работнички за самозастапување”

**Издавач:**
Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија

**Уредник:**
Уранија Пировска
извршна директорка на
Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија

**Автор:**
Игор Јадровски

**Графичко ликовно обликување:**
Марко Крстевски

**Јануари 2020**

Проектот “Правно зајакнување на текстилните работнички за самозастапување” е финансиран од Фондацијата Отворено општество – Македонија. Содржината на оваа анализа е единствена одговорност на авторите и на грантистот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

# Содржина:


Вовед ....................................................................................................4

Резиме....................................................................................................5

2017 година ..........................................................................................7

2018 година..........................................................................................11

2019 година..........................................................................................17

Судски постапки..................................................................................19

Меѓународно застапување...................................................................21

Информирање и подигање на свест ....................................................21

Препораки............................................................................................23

# ВОВЕД

Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија (МХК) го имплементира проектот “Правно зајакнување на текстилните работнички за самозастапување”, чија цел е да ги превенира и намали прекршувањата на работничките права на текстилните работнички преку нивно правно зајакнување и да го зајакне самозастапувањето на текстилните работнички. Важни компонентите за остварување на ваквите цели се обезбедувањето бесплатна правна и *параправна помош на текстилните работнички кои претрпеле прекршување на нивните работнички права, што ќе резултира со подобрување на пристапот до правда на текстилните работнички, ќе ја подигне свеста за состојбата со работничките права на текстилните работнички и ќе го зголеми нивното учеството во процесите на носење политики кои ги регулираат работничките права.

Повеќегодишните проблеми со константно прекршување на работнички права на текстилните работнички и мобинг од страна на работодавачите, релативно ниската свест и информираност за нивните работнички права и недовербата во институциите на системот ги прави особено ранливи и подложни на прекршување на нивните работнички права. Работничките во текстилната индустрија се едни од најниско платените работнички во државата, со речиси 60% пониска просечна плата од просечната плата на државно ниво, па заради ниските примања имаат ограничен пристап до правда и се соочуваат со потешкотии при адресирањето на прекршувањата на нивните работнички права. Дополнително, текстилните работнички до сега никогаш не биле директно вклучени во процесите на донесување на политиките кои директно ги засегаат, како што се Законот за работни односи, Законот за минимална плата, Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството и слично, што резултира со носење рестриктивни политики кои ги уредуваат работничките права на текстилните работнички. Заради сето наведено, МХК одлучи во споменатиот проект да работи на подобрување на пристапот до правда и правно зајакнување токму на текстилните работнички.

---

*Помош обезбедена од лица кои немаат формално правничко образование, но кои преку сет на обуки и курсеви имаат стекнато знаење за одредена правна област и процедури и можат да обавуваат рутински правни задачи, Collins Dictionary of Law. S.v.

Оваа анализа има за цел да даде информации за дадената бесплатна правна и параправна помош и подобрувањето на пристапот до правда на текстилните работнички во периодот јануари 2017 – декември 2019. Во анализата ќе бидат презентирани статистички податоци што се однесуваат на вкупниот број регистрирани случаи на прекршување на работничките права и бројот на опфатени текстилни работнички со бесплатната правна и параправна помош. Анализата ќе ги прикаже и бројот и видот на постапките кои биле иницирани за заштитата на работнички права на текстилните работнички и одговорите на институциите по истите. Дополнително, во анализата ќе бидат прикажани и активностите за информирање, подигање на свест и правно зајакнување на текстилните работнички. На крајот на анализата ќе биде прикажан и краток наративен дел за меѓународното самозастапување на текстилните работнички пред Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW).

# РЕЗИМЕ

Спроведувањето на проектните активности, вклучително и обезбедувањето на правната и параправната помош во проектот МХК го правеше во соработка со здружението Гласен Текстилец, партнерска организација од Штип, формирана од сегашни и поранешни текстилни работнички. Гласен Текстилец, како добро препознаена организација за заштита и унапредување на работничките права на текстилните работнички, служеше како ресурсен центар во чии простории се обезбедуваше правната помош во рамките на проектот. Дополнително, МХК и Гласен Текстилец соработуваа во повеќе активности за застапување, како измена и дополнување на Законот за работни односи, измена и дополнување на Законот за минимална плата, зајакнување и мотивирање на текстилните работнички за синдикално организирање и меѓународно застапување пред Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW). Правната помош во рамките на проектот ја обезбедуваше локална координаторка – правничка, која беше ангажирана од МХК, а правната помош се даваше во просториите на здружението Гласен Текстилец.

Параправната помош, од друга страна, беше обезбедувана од обучени текстилни работнички кои беа ангажирани како параправнички. Во периодот од јануари 2017 до декември 2019, МХК обучи 10 текстилни работнички за давање параправна помош и тоа: 2 работнички од Штип, 2 работнички од Пробиштип, 2 работнички од Крива Паланка, 2 работнички од Македонска Каменица, 1 работничка од Делчево, 1 работничка од Кочани. Сите параправнички поминаа низа обуки, преку кои стекнаа знаења за обезбедување параправна помош во областа на работничките права. Од обучените параправнички, МХК во секоја година од спроведувањето на проектните активности, ангажираше по 5

параправнички за обезбедување параправна помош.

Во периодот јануари 2017 – декември 2019, МХК документираше 474 случаи на прекршување на работнички права на текстилните работнички за кои беше обезбедена правна помош. Најголемиот дел од случаите се однесуваа на неисплатени плати и придонеси од плати (49), непријавено работење на државен празник, неработен ден или ден за неделен одмор (47), неисплатен регрес за годишен одмор (44), незаконско прекинување на работниот однос (40), неисплатени додатоци на плата за прекувремена работа (38), мобинг (38), неисплатени додатоци на плата за работа на празник, неработен ден или ден за неделен одмор (33). Во истиот период, преку обезбедувањето параправна помош беа документирани 562 случаи на прекршување на работничките права на текстилните работнички. Најголемиот дел од случаите се однесуваа на повреда на правото на користење дневен, неделен и годишен одмор (66), неисплатени плати и придонеси од плати (57), неисплатен регрес за годишен одмор (52), неисплатени додатоци на плата за прекувремена работа (38), мобинг (38), неисплатени додатоци на плата за работа на празник, неработен ден или ден за неделен одмор (31) и неисплатена минимална плата (29).

За документираните случаи беа иницирани 84 управни постапки пред Државниот инспекторат за труд. Што се однесува до ефикасноста на Државниот инспекторат за труд, истиот во 23 од иницираните постапки утврдил прекршувања на работничките права, во 31 од иницираните постапки не утврдил прекршувања на работничките права, а дури во 30 од иницираните постапки не доставил одговор до МХК. Во извештајниот период беа иницирани и 2 судски постапки. Една од судските постапки се однесуваше на неисплатени плати и придонеси на плати, а другата судска постапка се однесуваше на незаконско прекинување на работниот однос на текстилна работничка.

Освен документираните случаи на прекршување на работничките права, МХК, преку локалната координаторка и параправничките, вршеше теренско правно советување на текстилните работнички, во насока на подигање на свеста и информирање за нивните работнички права и заштитните механизми кои им стојат на располагање. Во проектниот период беа правно советувани вкупно 2.560 текстилни работнички, од кои 1.817 добиле советување од локалната координаторка, а 743 добиле советување од параправничките. Дополнително, МХК, во координација со локалната соработничка и параправничките, одржа 23 информативни работилници во 6 градови и 3 села на кои присуствуваа 310 текстилни работнички.

Во продолжение на анализата следи детален осврт на сите прашања кои ги отвара ова резиме, поделени по години.

# 2017 година

Во првата година од обезбедувањето бесплатна правна и параправна помош најголемиот предизвик на МХК беше да се стекне довербата на текстилните работнички и истите да се мотивираат да ги пријават прекршувањата на работничките права. Токму затоа бројот на документираните случаи од страна на локалната координаторка и параправничките во оваа година е помал во однос на 2018 и 2019.

Во 2017 година беа документирани 134 случаи на прекршувања на работничките права на текстилните работнички. Доминантен е бројот на случаи кои се однесуваат на непријавено работење на државен празник, неработен ден или ден за неделен одмор (34). Потоа следат прекршувања на работничките права кои се однесуваат на неисплатени додатоци на плата за прекувремена работа (12), неисплатени додатоци на плата за работа на празник, неработен ден или ден за неделен одмор (11), неисплатени плати и придонеси на плати (8), мобинг (8), незаконско прекинување на работниот однос (8). Индикативно е што во оваа година многу е низок бројот на пријавени случаи на неисплатена минимална плата (6), иако исплатата на минимална плата несомнено претставуваше горлив проблем за текстилните работнички во 2017 година. Ова се должи на фактот што во овој период на сила беше стариот Закон за минимална плата, кој содржеше одредба за утврдување на нормиран учинок од страна на работодавачот. Доколку текстилните работнички не го исполнат утврдениот нормиран учинок, работодавачот имаше законска можност да им исплати пониска плата од законски утврдениот номинален износ на минималната плата. Имајќи ја предвид ваквата одредба и релативно ниското ниво на информираност кај текстилните работнички во овој период, не е изненадувачки тоа што тие не беа охрабрени да пријавуваат прекршувања на работничките права во форма на неисплатени минимални плати.

Во 2017 година, МХК, преку 5 обучени параправнички обезбедуваше параправна помош во Крива Паланка, Пробиштип, Кочани и Македонска Каменица. Преку обезбедувањето параправна помош во 2017 година беа документирани 70 случаи на прекршувања на работничките права. За разлика од документираните случаи преку обезбедувањето правна помош, најголемиот број регистрирани случаи од страна на параправничките се однесуваа на неисплаќање минимална плата (11).

Следат случаите на неисплатени додатоци на плата за прекувремена работа (7), неисплатени плати и придонеси од плати (6), повреда на правото на користење дневен, неделен и годишен одмор (6), мобинг (4) и неиздавање пресметки за плати (4).

Индикативно во летните месеци се забележа зголемување на документираните случаи кои се однесуваат на повреда на правото на користење на годишен одмор. Исто така во овој период од годината имаше зголемување на пријавените случаи на работа во несоодветни здравствени и санитарни услови, необезбедени соодветни мерки за безбедност и здравје при работа, односно пријавување на работа во екстремно топли услови. Во ноември и декември, пак, забележано е зголемување на пријавувањето на случаи на неисплатен регрес за годишен одмор.

## Документирани случаи на прекршување на работничките права преку обезбедување правна помош  во 2017 година



## Документирани случаи на прекршување на работничките права преку обезбедување параправна помош  во 2017 година




За документираните случаи беа иницирани 25 управни постапки пред Државниот инспекторат за труд и 1 судска постапка пред Основниот суд во Крива Паланка.

## Иницирани постапки за заштита на работничките права во 2017 година




По иницираните постапки, Државниот инспекторат за труд во 10 случаи утврдил прекршување на работничките права, во 7 случаи не утврдил прекршување на работничките права, а во 8 случаи не доставил одговор.

## Постапување на Државниот инспекторат за труд во 2017



# 2018 година

Во 2018 година беа документирани 179 случаи на прекршување на работничките права за кои беше обезбедена правна помош од локалната координаторка. Индикативно е зголемување на трендот на прекршувања на работничките права на текстилните работнички со неисплаќање на различни видови додатоци на плата. Најголем број од документираните случаи се однесуваа на неисплаќање на регрес за годишен одмор (23), неисплаќање на додатоци на плата за прекувремена работа (20), неисплаќање додатоци на плата за работа на празник, неработен ден или ден за неделен одмор (15). Следат случаите на документиран мобинг (15), незаконско прекинување на работниот однос (15) неисплатени плати и придонеси на плати (13).

Иако во мај 2018 година со одлука на Уставниот суд се избриша одредбата со која се предвидуваше исполнување на нормиран учинок, како услов за исплата на номиналниот износ на минимална плата од Законот за минимална плата, во 2018 година се зголеми трендот на пријавување случаи на неисплаќање на минимална плата (9). Во 2018 година забележано е значително намалување на документираните случаи на непријавено работење на државен празник, неработен ден или ден за неделен одмор, од 34 документирани случаи во 2017 година на 8 документирани случаи во 2018 година.

Во 2018 година, МХК, преку 5 обучени параправнички обезбедуваше параправна помош во Штип, Пробиштип, Кочани и Македонска Каменица. Во 2018 година беа документирани 141 случаи преку обезбедување на параправна помош, што е значително зголемување на документираните случаи во однос на документираните 70 случаи од 2017 година. Најголемиот број регистрирани случаи од страна на параправничките во 2018 се однесуваа на неисплаќање регрес за годишен одмор (19), повреда на право на користење дневен, неделен и годишен одмор (15), неисплатени плати и придонеси на плати (14), неисплатени додатоци на плата за прекувремена работа (10), исплата на плата на рака (8), мобинг (8), незаконско прекинување на работниот однос (8).

Слично како во 2017 и во 2018 година во летните месеци се забележа зголемување на документираните случаи кои се однесуваат на повреда на правото на користење на годишен одмор и случаите на работа во несоодветни здравствени и санитарни услови, необезбедени соодветни мерки за безбедност и здравје при работа. Во ноември и декември, повторно беше забележано зголемување на пријавувањето на случаи на неисплатен регрес за годишен одмор.

## Документирани случаи на прекршување на работничките права преку обезбедување правна помош  во 2018 година



## Документирани случаи на прекршување на работничките права преку обезбедување параправна помош  во 2018 година




За документираните случаи беа иницирани 37 управни постапки пред Државниот инспекторат за труд и 1 судска постапка пред Основниот суд во Штип.

## Иницирани постапки за заштита на работничките права во 2018 година




Во 2018 година забележано е намалување на трендот на утврдување на прекршувања на работничките права од страна на Државниот инспекторат на труд и зголемена пасивност во смисла недоставување одговори по иницираните постапки. Во 2018 година Државниот инспекторат за труд во 4 случаи утврдил прекршување на работничките права, во 12 случаи не утврдил прекршување на работничките права, а во дури 21 случај не доставил одговор.

## Постапување на Државниот инспекторат за труд во 2018



# 2019 година

Во 2019 година беа документирани 161 случај на прекршување на работничките права за кои беше обезбедена правна помош од локалната координаторка. Во третата година од спроведувањето на проектот најголем број од документираните случаи се однесуваа на неисплатени плати и придонеси од плати (28), повреда на право на дневен, неделен и годишен одмор (19), незаконско прекинување на работниот однос (17) неисплаќање на регрес за годишен одмор (15), неисплаќање на додатоци на плата за прекувремена работа (20), неисплаќање на додатоци на плата за работа на празник, неработен ден или ден за неделен одмор (15), мобинг (15), работа во несоодветни здравствени и санитарни услови необезбедени соодветни мерки за безбедност и здравје при работа (12), нерегулиран работен однос, т.н. “работа на црно” (11).

Во 2019 година има двојно зголемување на документираните случаи од страна на параправничките во споредба со 2018 година, што е резултат на стекнатата доверба и препознаеност на параправничките меѓу текстилните работнички, но и зголеменото работно искуство, знаење и поголема самостојност во работата на параправничките. МХК во 2019 година преку 5 обучени параправнички обезбедуваше параправна помош во Штип, Пробиштип, Кочани и Делчево, а преку параправната помош беа регистрирани 313 случаи на прекршување на работнички права. Најголемиот дел од случаите се однесуваат на повреда на правото на користење дневен, неделен и годишен одмор (45), неисплаќање плати и придонеси на плати (37), неисплаќање регрес за годишен одмор (31), мобинг (22), неисплатени додатоци на плата за прекувремена работа (21), неисплатени додатоци на плата за работа на празник, неработен ден или ден за неделен одмор (21), работа во несоодветни здравствени и санитарни услови, необезбедени соодветни мерки за безбедност и здравје при работа (18).

Продолжува трендот на почесто пријавување прекршувања кои се однесуваат на повреда на правото на користење на годишен одмор и случаите на работа во несоодветни здравствени и санитарни услови, необезбедени соодветни мерки за безбедност и здравје при работа во летните месеци од годината. Додека во последните месеци од годината, повторно беше забележано  зголемување на пријавувањето на случаи на неисплатен регрес за годишен одмор.

## Документирани случаи на прекршување на работничките права преку обезбедување правна помош  во 2019 година



## Документирани случаи на прекршување на работничките права преку обезбедување параправна помош  во 2019 година




За документираните случаи беа иницирани 22 управни постапки пред Државниот инспекторат за труд. Забележано е подобрување на ефикасноста во постапувањето на Државниот инспекторат за труд во споредба со претходните две години. Во 2019 година инспекторатот во 9 случаи утврдил прекршување на работничките права, во 12 случаи не утврдил прекршување на работничките права, а само во 1 случај, за кој беше иницирана постапка во декември 2019, се уште не доставил одговор.

## Постапување на Државниот инспекторат за труд во 2019




## Судски постапки

Во извештајниот период беа иницирани и 2 судски постапки. Една од судските постапки беше иницирана за неисплатени плати и придонеси на плати на повеќе текстилни работнички од текстилна фабрика од Крива Паланка. Втората судска постапка беше иницирана за незаконско прекинување на работниот однос на текстилна работничка од текстилната фабрика од Пробиштип. Во првиот случај донесена е правосилна судска пресуда со која се усвојува тужбеното барање на тужителите, додека во вториот случај донесена е правосилна пресуда со која не се усвојува тужбеното барање на тужителката.

## Епилог од иницираните судски постапки



# СТРАТЕШКИ ПРЕДМЕТИ ЗА КОИ БЕА ИНИЦИРАНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

**1. Неисплатени плати и придонеси на плати**

Во март 2017 Хелсиншкиот комитет доби сознанија дека вработените во текстилна фабрика во Крива Паланка  немаат примено плата и придонеси на плата за февруари 2017. За таа цел беше изготвено барање за вонреден инспекциски надзор кое беше доставено до Државниот инспекторат за труд и во кое се побара од инспекторатот да  излезе на терен, да ја провери состојбата во именуваната фабрика и да постапи во рамките на своите законски овластувања. По извршениот вонреден инспекциски беше констатирано дека работодавачот на вработените им нема исплатено плата и законски придонеси на плата за февруари 2017 година и им издал наредба на работодавачот и одговорното лице да го отстранат недостатокот.

Бидејќи работодавачот не постапи по дадената наредба, му изрече на работодавачот глоба за сторениот прекршок со непочитување на наредбата. Работодавачот уште следниот ден извршил уплата на одмерената глоба во полн износ на издадениот прекршочен платен налог. Со оглед на тоа дека се работи за прекршување на работничките права на преку 100 работнички, а неисплаќањто и задоцнетото исплаќање на платите и придонесите на плати е проблем со кој се соочуваат речиси сите текстилни работнички и работници, Хелсиншкиот комитет  го избра овој случај за стратешки случај и одлучи за истиот да иницира судска постапка пред Основниот суд во Крива Паланка.

Основниот суд во Крива Паланка донесе пресуда со која го усвои тужбеното барање на 105 текстилни работнички и работници Крива Паланка.
Судот го задолжи тужениот работодавач да им ја исплати тужителите платата за февруари 2017, придонеси од задолжително социјално осигурување за февруари 2017 година, придонеси за ПИО во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ, придонеси за здравствено осигурување, придонеси за вработување и персонален данок во Управата за јавни приходи, со законска казнена камата на неисплатена плата. Тужениот, против ваквата пресуда на Основниот суд во Крива Паланка поднесе жалба до Апелациониот суд во Скопје. Апелациониот суд во Скопје донесе пресуда со која се потврдува пресудата на Основниот суд во Крива Паланка.

## 2. Незаконско прекинување на работниот однос на текстилна работничка

Во јули 2018 до локалната координаторка беше пријавен случај на незаконско раскинување на договорот за вработување од страна на работодавачот на текстилна работничка која воедно беше ангажирана како параправничка во проектот. Според кажувањата на работничката, причината за отказот е нејзиниот ангажман како параправничка, односно информирањето и правното зајакнување кои таа ги прави на нејзините колешки, како и членувањето во здружението на граѓани Гласен Текстилец.

Пред добивањето на отказното решение, работничката добила писмено опоменување пред отказ од страна на работодавачот, во кое е наведено дека работодавачот не е задоволен од извршувањето на работните обврски од страна на работничката, без притоа да биде специфицирано за кои работни обврски се работи и во истото беше даден рок во кој работничката треба да го подобри своето работење. Локалната координаторка за потребите на работничката изработи допис до работодавачот во кој бараше образложување за кои работни обврски станува збор и за што конкретно работодавачот не е задоволен. На ваквиот допис работничката не доби одговор. Неколку денови по доставувањето на дописот за образложување на незадоволството на работодавачот, на работничката и беше врачен отказ поради лични причини. На ваквата одлука беше поднесен приговор, по кој работодавачот не одговори. Согласно законските одредби беше поднесена тужба за поништување на одлука за откажување на договор за работа и утврдување повреда од работен однос.

По одржување на неколку рочишта Основниот суд во Штип донесе пресуда со кое го отфрли тужбеното барање на тужителката. Против ваквата пресуда беше поднесена жалба до Апелациониот суд во Штип.

Апелациониот суд донесе пресуда со која ја прифати жалбата, ја укина првостепената пресуда и предметот го врати на повторно одлучување пред првостепениот суд. Основниот суд во Штип и во повторното одлучување донесе негативна пресуда, со која го отфрли тужбеното барање на тужителката. Оваа пресуда беше обжалена пред Апелациониот суд во Штип, кој ја отфрли жалбата на тужителката и ја потврди првостепената пресуда на Основниот суд во Штип.

# МЕЃУНАРОДНО ЗАСТАПУВАЊЕ

Во јануари 2018 година параправничките беа вклучени во изготвување на поднесок со листа со прашања, кој беше доставен до Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените, кој беше доставен кон Шестиот периодичен извештај на Република Македонија под Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените. Во поднесокот, меѓу другото беше адресирано и прашањето за спорната одредба од Законот за минимална плата која се однесува на исполнување на нормираниот учинок и како истиот влијае на постигнувањето на родова рамноправност и намалување на родовиот јаз во платите до текстилната индустрија. Вака адресираното прашање влезе во финалната листа на прашања која Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација и ја достави на владината делегација на земјата. Дополнително беше изготвен и извештај во сенка до Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените во кој беа адресирани истите прашања од поднесокот за листа со прашања.

Во заклучните согледувања Комитетот и препорача на државата да го подобри пристапот до правда за сите жени, особено оние кои имаат ниски приходи, да го подобри собирањето податоци и статистика во однос на родовиот јаз во платите, да обезбеди ефикасни механизми на мониторинг и заштита на работничките права и да обезбеди мерки за да се забрза процесот на вработување на жените и да се измени.

# ИНФОРМИРАЊЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА

Со цел подобро информирање за нивните работнички права и заштитните механизми, како  и подигање на свеста за пријавување на прекршувањата на работничките права, МХК во координација со локалната координаторка и параправничките одржа 23 информативни работилници во Штип, Кочани, Делчево, Пробиштип, Македонска Каменица, Крива Паланка, Чешиново, Облешево и с. Подлог. На информативните работилници присуствуваа вкупно 310 текстилни работнички.

Во проектниот период беа изготвени 35 месечни извештаи и 13 инфографици во кои МХК ја информираше јавноста за состојбата со работничките права на текстилните работнички и ефикасноста на заштитните механизми во постапувањето при заштитата на работничките права на текстилните работнички.

# МАПА НА ДОКУМЕНТИРАНИ СЛУЧАИ И ДАДЕНИ ПРАВНИ СОВЕТУВАЊА

(градовите се обележани со сива боја)



Скопје
Куманово
Прилеп
Кратово
Пробиштип
Чешиново
Штип
Кавадарци
Валандово
Кочани
Виница
Крива Паланка
Македонска
Каменица
Делчево
Битола
Пехчево
Облешево
Струмица
Ресен
Св. Николе

# ПРЕПОРАКИ:

- Подобрување на ефикасноста и ажурноста на државниот инспекторат за труд со цел подобра и поефикасна заштита на работничките права на текстилните работнички. Државниот инспекторат за труд треба да постапува по добиените иницијативи за инспекциски надзор во рокови во кои ќе се овозможи ефикасна заштита на работничките права.

- Државниот инспекторат на труд треба да воведе систем на поднесување анонимни иницијативи за поведување вонреден инспекциски надзор, со цел поголемо охрабрување на текстилните работнички за пријавување на прекршување на работничките права.

- Подрачните единици на Министерството за правда во соработка со синдикатите и здруженијата на граѓани, преку информативни средби, треба да ги запознаат текстилните работнички за можностите за добивање бесплатна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош  во случаи на прекршување на работничките права. На тој начин текстилните работнички ќе се мотивираат да поведат судски постапки кога им се прекршени работничките права.

- Воспоставување координирана соработка на сите релевантни институции во системот на заштита на работничките права на текстилните работнички. Државниот инспекторат за труд, Управата за јавни приходи и Финансиската полиција треба да воспостават соработка во постапување по случаи на прекршувања на работнички права, а особено во оние кои се однесуваат на враќање на пари од работниците на работодавачот, исплата на плати на рака, неисплаќање плати, придонеси и додатоци на плати.

- Поголема вклученост на Синдикатот на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија во информирање, подигање на свеста и заштитата на работничите права. Синдикатот треба почесто да организира обуки и средби со текстилните работнички на кои ќе работи на нивно правно зајакнување, но и на подигање на свеста за заштита на  работнички права. Дополнително, Синдикатот треба да работи на мотивирање на текстилните работнички за синдикално организирање, информирајќи ги за придобивките од синдикалното организирање.




ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА